Забелешка

- Ако започнете поставување за време на поврзување преку BLUETOOTH, врската ќе се прекине.
- Ако се прекине звукот за време на приемот во формат на кодек AAC, поставете на „OFF" во чекор 4 за да се откажат поставките. Во овој случај системот прима кодек SBC.

Дополнителни информации

Поставување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност

Системот автоматски влегува во режимот на подготовност за 15 минути ако нема никаква операција или излезен аудиосигнал (**функција за автоматско влегување во режимот на подготовност**).
Стандардно, функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност е вклучена.

1 Притиснете MENU [19].
2 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете „STBY:MODE", па притиснете ⊕ [14].
3 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете „AUTO:STBY", па притиснете ⊕ [14].
4 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете „ON" или „OFF", па притиснете ⊕ [14].

Совет

- На прозорецот за приказ се појавува „AUTOSTBY" две минути пред системот да влезе во режимот на подготовност [7].

Забелешка

- Функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност е неважечка за функцијата за бирање станици (FM/DAB*), дури и кога ќе ја вклучите.
- Системот може да не влезе автоматски во режимот на подготовност во следните случаи:
  – додека се користи функцијата FM или DAB*;
  – кога ќе се открие аудиосигнал;
  – за време на репродукција на песни или аудиодатотеки;
  – кога е се користи тајмерот за репродукција или тајмерот за заспивање.
- Системот повторно го одбројува времето (околу 15 минути) до влегување во режим на подготовност, дури и кога функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност е вклучена, во следниве случаи:
  – кога USB-уредот е поврзан додека е во функција „USB";
  – кога е притиснато копче на далечинскиот управувач или на главниот уред;
- * DAB е само за CMT-X5CDB.

Поставување на безжичен сигнал за BLUETOOTH на ON/OFF

Кога е вклучен уредот можете да го контролирате сигналот за BLUETOOTH. Стандардната поставка е ON.

1 Вклучете го главниот уред.
2 Притиснете и задржете I⏮ [3] и I/⏻ [6] на уредот.
3 Откако ќе се појави „RF OFF" (сигналот за безжичен BLUETOOTH е исклучен) или „RF ON" (сигналот за безжичен BLUETOOTH е вклучен), пуштете го копчето.

Совет

- Кога поставката е на OFF, функцијата BLUETOOTH не е достапна.
- Кога е исклучена поставката, главниот уред го вклучуваат паметниот телефон/таблетот преку еден допир (NFC) на главниот уред.
- Кога е исклучена поставката, не може да се постави режимот на подготовност на BLUETOOTH.
- Кога е вклучен режимот на подготовност на BLUETOOTH, а уредот е исклучен, се исклучува режимот на подготовност на BLUETOOTH.
- Кога е исклучена поставката, главниот уред и уредот со BLUETOOTH не може да се спарат.
- Дури и кога поставката е исклучена, сè уште може да се користи физичко поврзување.

Прилагодување на звукот

Можете да го поставите засилувањето на басот или високите тонови или да го прилагодите тонот според вашите желби.

1 Притиснете SOUND [12].
2 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете „CA+", „P-EQ" (звучен ефект) или „WIDE ST" (стерео ефект), па притиснете ⊕ [14].

CA+: Поставете според препораките за квалитет на звук на Sony.
P-EQ (EQUALIZER): Изберете го саканиот звук од следните стилови:
„R AND B/HIP HOP", „ROCK", „POPS", „CLASSIC", „JAZZ", „FLAT", „CUSTOM"
WIDE ST (WIDE STEREO): Изберете „HIGH" или „NORMAL", па притиснете ⊕ [14]. Ако сакате да прилагодите поприроден стерео звук, изберете „NORMAL".

Употреба на тајмерите

Системот нуди тајмер за заспивање и тајмер за репродукција.

Забелешка

- Тајмерот за заспивање има предност пред тајмерот за репродукција.

Поставување на тајмерот за заспивање

Во определено време, системот автоматски се исклучува.

1 Притиснете MENU [19].
2 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете „SLEEP", па притиснете ⊕ [14].
3 Притиснете ♦/♦ [15] за да го изберете определеното време, а потоа притиснете ⊕ [14].
Можете да бирате 10-минутни вредности од „10MIN" (10 минути) до „90MIN" (90 минути).

Совет

- За да го проверите преостанатото време на тајмерот за заспивање, извршете го горните чекори 1 и 2.
- Тајмерот за заспивање работи дури и кога часовникот не е поставен.

Откажување на тајмерот за заспивање
Изберете „OFF" во горниот чекор 3.

Поставување на тајмерот за репродукција

Забелешка

- Пред да го поставите тајмерот, проверете дали ste го наместиле часовникот.
  Погледнете „Поставување на часовникот".

Тајмер за репродукција
Можете да слушате CD или MP3-диск, USB-уред или радио секој ден во определено време. Поставката на тајмерот за репродукција останува важечка ќе додека не се откаже.

1 Подгответе го изворот на звук.
2 Притиснете TIMER [13].
3 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете „PLAY:SET", па притиснете ⊕ [14].
Времето за почеток започнува да трепка на прозорецот за приказ [7].
4 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете време, па притиснете ⊕ [14].
Следите ја истата постапка за да поставите „MINUTE" на времето за да започне операцијата, а потоа „HOUR" и „MINUTE" на времето за да запре операцијата.
5 Притиснете ♦/♦ [15] за да го изберете саканиот извор на звук, а потоа притиснете ⊕ [14].
Ќе се појави екранот за потврда за тајмерот за репродукција.
6 Притиснете I/⏻ [6] за да го исклучите системот.

Совет

- Системот автоматски се вклучува пред претходно поставеното време.
  – за FM или DAB*: околу 15 секунди пред определеното време
  – за CD или USB-уред: околу 90 секунди пред определеното време
- Како извор на звук е CD, можете тајмерот за репродукција претходно да го програмирате. Погледнете „Создавање сопствена програма (репродукција на програма)".
- Кога изворот на звук е радио, проверете дали претходно сте ја вклучиле радиостаницата.
- За промена на поставките на тајмерот, повторно извршете ги постапките од почетокот.
- * DAB е само за CMT-X5CDB

Забелешка

- Ако системот веќе е вклучен во времираното време, тајмерот за репродукција не работи. Внимавајте да не ракувате со системот додека не се вклучи и не започне репродукција со тајмерот.
- Кога изворот на звук за тајмерот на репродукција е поставен на радиостаница, што сте ја поставиле со автоматско скенирање (AUTO) или со рачно бирање (MANUAL) и ако ја промените радиофреквенцијата или појасот по поставувањето на тајмерот, ќе се смени и поставката за радиостаница за тајмерот на репродукција.
- Кога изворот на звук за тајмерот на репродукција е поставен на радиостаница избрана од меморирана станица и ако ја промените фреквенцијата или појасот на радиостаницата по поставувањето на тајмерот, поставката за радиостаница за тајмерот нема да се смени. Бирањето радиостаница за тајмерот е фиксно на фреквенцијата што ќе ја поставите.

Проверка на поставеноста

1 Притиснете TIMER [13].
2 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете „SELECT", а потоа притиснете ⊕ [14].
3 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете „TIMER SEL", па притиснете ⊕ [14].
4 Притиснете ♦/♦ [15] за да изберете „PLAY SEL" и потоа притиснете ⊕ [14].
Поставките на тајмерот се појавуваат на прозорецот за приказ [7].

Откажување на тајмерот
По чекорот 3 од „Проверка на поставувањe", изберете „OFF", па притиснете ⊕ [14].

Менување на батеријата

Работното растојание на далечинскиот управувач се намалува како што нивото на батеријата се намалува. Кога далечинскиот управувач веќе не може да ракува со главниот уред, заменете ја батеријата со нова литиумска батерија CR2025 (не се доставува).

1 Притиснете и задржете Ⓐ на задната страна на далечинскиот управувач, а потоа извлечете го држачот на батеријата во насока на стрелката.



2 Заменете ја батеријата со страната „+" насочена нагоре, а потоа вметнете го држачот на батеријата во отворот.

Држач на батерија

Забелешка

- Избришете ја батеријата со сува крпа за да обезбедите добар контакт.
- Не допирајте ја батеријата со метални пинцети затоа што може да се појави краток спој.
- Употребата на батерии што не се CR2025 може да предизвика пожар или експлозија.

За „SongPal"

Назначената апликација за овој модел е достапна во Google Play™ и во App Store.

Звучни поставувања
Лесно можете да го прилагодите звукот или да ги користите препорачаните поставки на Sony за „CA+".

Контрола на уред поврзан преку USB
Може да репродуцирате музика во уред поврзан со приклучокот за USB.

Со „SongPal" можете да контролирате различни работи во зависност од поврзаниот уред.
Спецификацијата и дизајнот на апликацијата може да бидат променети без претходно известување.

Поставки на поврзаниот уред
Се прикажуваат различни звучни поставки. Ова мени може да се прикаже од секој екран, со брз допир надесно.

Главен екран
Прикажува функции на избраниот уред и апликации инсталирани на вашиот паметен телефон/iPhone.

Мини плеер
Регулатор за избраната функција.

Решавање проблеми

Решавање проблеми

1 Осигурете се дека кабелот за напојување е добро поврзан.
2 Пронајдете го проблемот во списокот подолу и направете ја наведената поставка за поправка.
Ако проблемот опстојува, контактирајте со најблискиот продавач на Sony.

Ако трепка индикаторот за режим на подготовност [5]

Веднаш исклучете го кабелот за напојување и осигурете се дека кабелот не е поврзан со еден штекер поинаков од штекер за наизменична струја од 220 V.

- Откако индикаторот за режим на подготовност [5] ќе престане да трепка, приклучете го повторно кабелот за напојување, и вклучете го системот. Ако проблемот опстојува, контактирајте со најблискиот продавач на Sony.

Општо

Системот не се вклучува.

- Осигурете се дека правилно сте го поврзале кабелот за напојување со ѕидниот штекер.

Системот неочекувано влезе во режимот на подготовност.

- Ова не е дефект. Системот автоматски влегува во режимот на подготовност ако во текот на 15 минути немало операција или излезен аудиосигнал. Погледнете во „Поставување на функцијата за автоматско влегување во режимот на подготовност".

Поставката за часовникот или тајмерот за репродукција се неочекувано откажани.

- Ако помине околу една минута без операција, поставувањето на часовникот или поставувањето на тајмерот за репродукција се откажуваат автоматски. Изведете ја операцијата повторно од почетокот.

Нема звук.

- Зголемете ја јачината на звукот на главниот уред.
- Осигурете се дека надворешната компонента е правилно поврзана со приклучокот AUDIO IN [B] и поставете ја функцијата на AUDIO IN.
- Одредената станица можеби привременo престанала да емитува.

Се појавува сериозно зуење или шум.

- Поместете го системот подалеку од извори на шум.
- Поврзете го системот во друг ѕиден штекер.
- Се препорачува користење приклучник за наизменична струја со филтер за шум (не се испорачува).

Далечинскиот управувач не работи.

- Отстранете ги сите пречки помеѓу далечинскиот управувач и сензорот за далечинскиот управувач [11] на главниот уред и наместете го главниот уред подалеку од флуоросцентни светла.
- Насочете го далечинскиот управувач кон сензорот за далечински управувач [11] на уредот.
- Поместете го далечинскиот управувач поблизу до системот.
- Заменете ги батериите.

CD-DA/MP3-диск

На прозорецот за приказ се појавува „LOCKED" [7], а дискот не може да се отстрани од отворот за диск [9].

- Консултирајте се со најблискиот продавач на Sony или со локалниот овластен сервис за Sony.

Дискот или датотеката не се репродуцира.

- Дискот не е завршен (диск CD-R или CD-RW на кој што може да се додаваат податоци).

Звукот пресскокува или дискот не се репродуцира.

- Можеби дискот е извалкан или изгребан. Кога ќе се извалка дискот, исчистете го со бришење со крпа.
- Поставете го системот на локација што е подалеку од вибрации (на пример, врз стабилен држач).

Репродукцијата не започнува од првата песна или датотека.

- Осигурете се дека текстовниот режим на репродукција е точен. Доколку режимот на репродукција е „SHUFFLE" или „PROGRAM", сменете ја поставката.

Почетокот на репродукцијата трае подолго од обично.

- Следните дискови можат да го зголемат времето потребно за почеток на репродукцијата:
  – диск што е снимен со комплицирана структура на дрво;
  – диск што е снимен во формат на повеќе сесии;
  – диск што има многу папки.

USB-уред

За детали во врска со компатибилни USB-уреди, погледнете „Компатибилни уреди и верзии".

Поврзан е неподдржан USB-уред.

- Може да се појават следните проблеми.
  – USB-уредот не се препознава.
  – Имиња на датотеки или папките не се прикажуваат на овој систем.
  – Не е можна репродукција.
  – Звукот скока.
  – Има шум.
  – Се слуша изобличен звук.

Нема звук.

- USB-уредот не е поврзан правилно. Исклучете го системот, а потоа повторно поврзете го USB-уредот.

Има бучава, скокање или изобличен звук.

- Поврзан е неподдржан USB-уред. Поврзете поддржан USB-уред.
- Исклучете го системот, потоа повторно поврзете го USB-уредот и вклучете го системот.
- Самите музички податоци содржат бучава или звукот е изобличен. Веројатно шумот бил внесен кога се создавале музичките податоци заради условите на компјутерот. Во тој случај, избришете ја датотеката и повторно испратете ги музичките податоци.
- Бит-стапката што се користела за кодирање на аудиодатотеките е ниска. Испратете датотеки кодирани со повисоки бит-стапки до USB-уредот.

„READING" се прикажува подолго време или е потребно долго време пред да започне репродукцијата.

- Процесот на читање може да трае долго време во следниве случаи.
  – Постојат многу папки или датотеки на USB-уредот.
  – Структурата на датотеките е премногу сложена.
  – Нема доволно простор во меморијата.
  – Внатрешната меморија е фрагментирана.

Името на датотеката или папката (името на албумот) не се прикажува правилно.

- Испратете ги музичките податоци до USB-уредот одново, бидејќи податоците што складирани во него веројатно се оштетени.
- Кодовите на знаци што системот може да ги прикаже се следните:
  – Големи букви (А до Z).
  – Броеви (0 до 9).
  – Симболи (< > * +, [ ] @ \ _).
  Другите знаци се појавуваат како „_".

USB-уредот не се препознава.

- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Можеби е поврзан некомпатибилен USB-уред.
- USB-уредот не работи правилно. Погледнете во упатството за употреба доставено со USB-уредот околу тоа како да се справите со овој проблем.

Репродукцијата не започнува.

- Исклучете го системот и повторно поврзете го USB-уредот, а потоа вклучете го системот.
- Можеби е поврзан некомпатибилен USB-уред.

Репродукцијата не започнува од првата песна.

- Поставете го режимот за репродукција на „NORMAL".

USB-уредот не може да се полни.

- Осигурете се дека USB-уредот е безбедно поврзан со приклучокот за ⇔ (USB) [A].
- Системот може да не го поддржува USB-уредот.
- Исклучете го USB-уредот и повторно поврзете го. За деталите за статусот на полнење на USB-уредот, погледнете во упатствата за работа на USB-уредот.

Приемник

Се појавува сериозно зуење или шум (трепка "STEREO" на прозорецот за приказ [7]) или преносите не може да се примат.

- Поврзете ја антената правилно.
- Најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием, а потоа поставете ја антената повторно.
- Антените држете ги подалеку од уредот, кабелот од звучникот или другите аудио/видеокомпоненти за да се избегне собирање звуци.
- Исклучете ја електричната опрема во близина.

Се слушаат неколку радиостаници истовремено.

- Најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием, а потоа поставете ја антената повторно.
- Соберете ги каблите за антена користејќи комерцијални спојници за кабли и прилагодете ја должината на каблите.

Радиостаницата DAB/DAB+ не се прима правилно.

- Проверете ги сите врски на антената, а потоа извлечете ја поставката на DAB за автоматско скенирање. Погледнете „Рачно изведување на автоматското скенирање на DAB (само за CMT-X5CDB)".
- Можеби тековната услуга DAB/DAB+ не е достапна. Притиснете TUNING +/– [3] за да изберете друга услуга.
- Ако сте се преселиле во друга област, можно е некои услуги/фреквенции да се промениле и нема да може да ги избере вообичаените преноси. Изведете ја постапката на автоматско скенирање DAB за повторно да ја регистрирате содржината на преносите. (Изведувањето на оваа постапка ги брише сите претходно поставени станици.)

Преносот DAB/DAB+ беше прекинат.

- Проверете ја локацијата на системот или наместете ја ориентацијата на антената за да се зголеми означената вредност на квалитетот на сигналот.

Ресетирање на системот на фабричките поставки

Ресетирајте го системот на фабричките поставки ако не работи правилно.
Користете ги копчињата на главниот уред за да го ресетирате системот на стандардните фабрички поставки.

1 Исклучете го кабелот за напојување и потврдете дека индикаторот за режим на подготовност [5] не свети. Потоа повторно приклучете го кабелот за напојување и вклучете го системот.
2 Притиснете и задржете FUNCTION [1] and I/⏻ [6] на главниот уред додека на екранот не се појави „RESET".
Сите поставки ги ги конфигурирал корисникот, како меморираните радиостаници, тајмерот и часовникот ќе се избришат.
Ако проблемот опстои откако ќе направите сè што е наведено погоре, консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.

Забелешка

- Ако го отстраните уредот или го подарите некому, поставете го одново уредот поради безбедносни причини.

Пораки

За време на операцијата, може да се појават или да трепкаат следниве пораки.

CANNOT PLAY: Системот не може да репродуцира аудиодатотеки поради неподдржан формат на датотека или поради ограничување на репродуцирањето.
CAN'T PLAY: Сте поставиле диск што не може да се пушти на овој систем, како што се CD-ROM и DVD.
COMPILETE: Операцијата на меморираната станица завршил нормално.
DATA ERROR: Се обидовте да репродуцирате датотека што не може да се репродуцира.
ERROR: Работевте со системот за време на иницијализацијата. Почекајте додека таа не заврши.
FULL: Се обидовте да програмирате повеќе од 25 песни или датотеки.
LOCKED: Отворот за диск [9] е заклучен и не можете да го извадите дискот. Контактирајте со најблискиот продавач на Sony.
NO DEVICE: Не е поврзан USB-уред или поврзаниот USB-уред е отстранет.
NO DISC: Во плеерот нема диск или сте наместиле диск што не може да се репродуцира.
NO MEMORY: Медиумот за меморија не е вметнат во USB-уредот или системот не го идентификува.
NO STEP: Избришани се сите програмирани песни.
NO SUPPORT: Системот не го поддржува поврзаниот USB-уред.
NO TRACK: На USB-уредот или на дискот нема датотеки што може да се репродуцираат.
NOT IN USE: Притиснавте копче кое не може да се репродуцира.
OVER CURRENT: Отстранете го USB-уредот од приклучокот и исклучете го системот, а потоа повторно вклучете го.
PUSH STOP: Се обидовте да го смените режимот на репродукција за време на репродукцијата во функција CD или USB.
READING: Системот ги чита информациите на CD или на USB-уредот. Некои копчиња не работат за време на читањето.
TIME NG: Времиња за почеток и крај на тајмерот за репродукција се исти.

Мерки на претпазливост/ Спецификации

Мерки за претпазливост

Дискови што овој систем МОЖЕ да ги репродуцира

- Аудиодискови CD-DA
- CD-R/CD-RW (аудиоподатоци на песни на CD-DA и MP3-датотеки)

Не користете празен диск CD-R/CD-RW. Тоа може да предизвика негово оштетување.

Дискови што овој систем НЕ МОЖЕ да ги репродуцира

- CD-ROM
- CD-R/CD-RW освен оние снимени во музички CD-формат или MP3-формат во согласност со ISO9660 ниво 1/ниво 2, Joliet
- CD-R/CD-RW снимен во формат на повеќе сесии, а не во затворена сесија
- CD-R/CD-RW со слаб квалитет на снимање, CD-R/CD-RW што имаат гребнатини или се валкани или CD-R/CD-RW снимени со некомпатибилен уред за снимање
- CD-R/CD-RW што е неправилно завршен
- CD-R/CD-RW што содржат датотеки што не се MPEG 1 Audio Layer-3 (MP3) датотеки
- Диск од 8 cm
- Дискови со нестандарден облик (на пример срце, квадрат, ѕвезда)
- Дискови на коишто е залепена леплива лента, хартија или лепенка
- Изнајмени или користени дискови со ломби каде што лепилото излегува околу ломбата
- Дискови со печатени ознаки направени со мастило лепливо на допир

Забелешки за дисковите CD-DA

- Избришете го дискот со крпа за чистење од центарот кон рабовите пред репродукција.
- Не чистете ги дисковите со растворувачи како што се бензин, разредувач, комерцијално достапни средства за чистење или антистатичен спреј наменет за винилни плочи.
- Не изложувајте ги дисковите на директна сончева светлина или на топлотни извори како што се каналите за топол воздух или не оставајте ги во автомобил паркиран на директна сончева светлина.

Безбедност

- Целосно отстранете го кабелот на напојување (главен вод) од ѕидниот штекер (главен вод) ако нема да го користите подолг временски период. Кога го исклучувате системот од напојување, секогаш држете го приклучокот. Никогаш не извлекувајте го кабелот.
- Ако во системот влезе цврст објект или течност, исклучете го и повикајте квалификувано лице да го провери пред да го користите повторно.
- Кабелот за напојување со наизменична струја може да се замени само во квалификуван сервис.

Поставување

- Не поставувајте го системот во накосена положба или на места со се екстремно жешки, ладни, прашливи или влажни или немаат соодветна вентилација или се предмет на вибрации, директна сончева светлина или јака светлина.
- Внимавајте кога го поставувате системот на површини кои се посебно обработени (на пример, со восок, масло, средство за полирање) бидејќи може да се предизвикаат дамки или обезбојување на површината.
- Ако системот се внесува директно од ладна во топла локација или се поставува во многу влажна соба, влагата може да кондензира на леќите во CD-плеерот и да предизвика дефект на системот. Во тој случај, отстранете го дискот и оставете го системот вклучен околу еден час сè додека не испари влагата. Ако системот не работи дури ни по подолг период, консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.

Акумулиране топлина

- Загреавањето на уредот за време на полненето или работата во подолг временски период е нормално и не е причина за аларм.
- Не допирајте ја кутијата ако е користена постојано со голема јачина на звукот затоа што кутијата може да биде жешка.
- Не блокирајте ги отворите за вентилација.

Чистење на кукиштето

Чистете го овој систем со мека крпа делумно натопена со слаб раствор на детергент. Не користете какви било видови перничиња, прашок за чистење или растворувачи, како на пример, разредувачи, бензин или алкохол.

Компатибилни уреди и верзии

iPhone/iPad/iPod touch

Проверете ги интернет-страниците подолу за детали за најновите поддржани верзии на компатибилните уреди:
За потрошувачите во Европа:
http://support.sony-europe.com/
За потрошувачите во други земји/региони:
http://www.sony-asia.com/support

Компатибилни модели	Bluetooth®
iPhone 5s	○
iPhone 5c	○
iPhone 5	○
iPhone 4s	○
iPhone 4	○
iPhone 3GS	○
iPad Air*	○
iPad mini со екран Retina*	○
iPad (4. генерација)*	○
iPad mini*	○
iPad (3. генерација)*	○
iPad 2*	○
iPad*	○
iPod touch (5. генерација)	○
iPod touch (4. генерација)	○
iPod touch (3. генерација)*	○
iPod nano (7. генерација)*	○

* „SongPal" на поддржува iPod touch (3. генерација), iPod classic и iPod nano.
„SongPal" не поддржува iPad од јануари 2014 година.

Технологијата на Bluetooth работи со iPhone 5s, iPhone 5c, iPhone 5, iPhone 4s, iPhone 4, iPhone 3GS, iPod touch (5. генерација), iPod touch (4. генерација).

USB-уред

Проверете ги интернет-страниците подолу за детали за најновите поддржани верзии на компатибилните уреди:
За потрошувачите во Европа:
http://support.sony-europe.com/
За потрошувачите во други земји/региони:
http://www.sony-asia.com/support

Безжична технологија BLUETOOTH

Безжичната технологија BLUETOOTH е безжична технологија со краток опсег што овозможува дигитални уреди, како персонални компјутери и дигитални фотоапарати. Користејќи ја безжичната технологија BLUETOOTH, може да работите со уредите во опсег од околу 10 метри. Безжичната технологија BLUETOOTH обично се користи помеѓу два уреда, но и еден уред може да се поврзе со повеќе уреди.
Не ви требат жици за да се поврзете, како кај USB-поврзувањето, а не треба нити да ги поставите уредите свртени еден кон друг, како кај безжичната инфрацрвена технологија. Технологијата може да ја користите со еден уред со BLUETOOTH во торбата или во џебот.
Безжичната технологија BLUETOOTH е глобален стандард што е поддржан од илјадници компании. Овие компании произведуваат производи што го исполнуваат глобалниот стандард.

Поддржана верзија и профили на BLUETOOTH

Профил се однесува на стандарден збир способности за различни способности на производите со BLUETOOTH. Погледнете „Спецификации" за деталите за верзијата и профилите со поддржан BLUETOOTH.

Забелешка

- За да користите уред со BLUETOOTH поврзан со системот, тој мора да го поддржува истиот профил како и системот. Забележете дека функциите на уредот со BLUETOOTH може да се разликуваат во зависност од спецификациите на уредот, дури и ако го има истиот профил како и системот.
- Споредено со аудиорепродукцијата на предавателот, репродукцијата на системот е малку одложена поради својствата на безжичната технологија BLUETOOTH.

Ефикасен опсег за комуникација

Уредите со BLUETOOTH треба да се користат на околу 10 метри (непречено растојание) еден од друг. Ефективниот опсег за комуникација може да стане пократок под следните услови.

- Кога некоја личност, метален објект, ѕид или друга пречка се наоѓа помеѓу уредите со поврзување преку BLUETOOTH
- Локации каде што е инсталиран безжичен LAN
- Околу микробранови печки што се користат
- Локации каде што може да се појават дури електромагнетни бранови

Ефекти од други уреди

Уредите со BLUETOOTH и безжичен LAN (IEEE 802.11b/g) го користат истиот фреквентен појас (2,4 GHz). Кога го користите уредот со BLUETOOTH во близина на уред што ја има способноста за безжичен LAN, може да се појави електромагнетна пречка. Ова може да даде послаби стапки на пренос на податоци, шум и немоќност за поврзување. Ако ова се случи, пробајте да го решите проблемот на следните начини:

- Обидете се да го поврзете системот и мобилниот уред со BLUETOOTH или уредот со BLUETOOTH кога се наоѓате на барем 10 метри од опремата со безжичен LAN.
- Исклучете го напојувањето на опремата за безжичен LAN кога го користите уредот со BLUETOOTH на растојание од 10 метри.

Ефекти врз другите уреди

Емитувањето радиобранови од системот може да предизвика пречки во работата на некои медицински уреди. Бидејќи пречката може да предизвика дефект, секогаш исклучете го напојувањето на системот, мобилниот телефон со BLUETOOTH и уредот со BLUETOOTH на следните локации:

- во болниците, возовите и во авионите;
- во близина на автоматски врати или аларми за пожар.

Забелешка

- Системот поддржува функции за безбедност што се во согласност со спецификациите на BLUETOOTH како средство за осигурување на безбедноста при користење на технологијата BLUETOOTH. Сепак, оваа безбедност може да не е доволна во зависност од поставките и други фактори. Затоа секогаш бидете внимателни кога комуницирате користејќи ја технологијата BLUETOOTH.
- Sony не е одговорен на ниту еден начин за штетите или за другите загуби што настанале како резултат на протекување информации за време на комуникација со користење на технологијата BLUETOOTH.
- Комуникацијата преку BLUETOOTH не се гарантирана за сите уреди со BLUETOOTH што го имаат истиот профил како системот.
- Уредите со BLUETOOTH што се поврзани со системот мора да се во согласност со спецификациите на BLUETOOTH што ги пропишува BLUETOOTH SIG, Inc. и мора да се потврди дека се соодветни. Сепак, дури и кога уредот е во согласност со спецификациите на BLUETOOTH, може да постојат случаи каде што карактеристиките или спецификациите на уредот со BLUETOOTH го прават поврзувањето невозможно или може да резултира со други начини на контрола, приказ или ракување.
- Може да се појави шум или аудиото може да е исечено во зависност од уредот со BLUETOOTH, што е поврзан со системот, од средината за комуникација или од условите на опкружувањето.

Спецификации

Дел за засилувач

Излезна моќност (номинално):
16 вати + 16 вати (на 8 оми, 1 kHz, 1% THD)
RMS излезна моќност (референтно):
20 вати + 20 вати (за канал на 8 оми, 1 kHz)

Влезови/Излези

Приклучок AUDIO IN (надворешен влез):
Стерео мини приклучок, чувствителност 700 mV, импеданца 47 килооми
USB:
порта за USB: Тип A, 5 V DC 1,5 A

Дел за CD-DA/MP3-плеер

Систем: Компактен диск и дигитален аудиосистем
Својства на ласерската диода
Времетраење на емисија: Продолжено
Излез за ласер*: Помалку од 44,6 μW
* Овој излез е жарка за вредност на растојание од 200 mm од површината на леката на објективот на оптичкиот блок за прибирање со отвор од 7 mm.
Реакција на фреквенција: 20 Hz - 20 kHz
Сооднос на сигнал наспроти шум: Повеќе од 90 dB
Динамички опсег: Повеќе од 90 dB

Дел за приемникот

Дел за FM-прибирувач:
Приемник за стерео FM, супергетеродин FM
Опсег на прибирување: 87,5 MHz - 108,0 MHz (чекор од 50 kHz)
Антена: Антена за FM
Приклучоци за антена: 75 omи небалансирано
Дел за приемникот DAB/DAB+ (само за CMT-X5CDB):
Приемник за стерео FM, супергетеродин DAB/FM
Појас на фреквенција*
Појас-III: 174,928 (5A) MHz - 239,200 (13F) MHz
Антена: Антена за DAB/FM

Табела на фреквенции на DAB/DAB+ (Појас-III)

Фреквенција	Ознака	Фреквенција	Ознака
174,928 MHz	5A	209,936 MHz	10A
176,640 MHz	5B	211,648 MHz	10B
178,352 MHz	5C	213,360 MHz	10C
180,064 MHz	5D	215,072 MHz	10D
181,936 MHz	6A	216,928 MHz	11A
183,648 MHz	6B	218,640 MHz	11B
185,360 MHz	6C	220,352 MHz	11C
187,072 MHz	6D	222,064 MHz	11D
188,928 MHz	7A	223,936 MHz	12A
190,640 MHz	7B	225,648 MHz	12B
192,352 MHz	7C	227,360 MHz	12C
194,064 MHz	7D	229,072 MHz	12D
195,936 MHz	8A	230,784 MHz	13A
197,648 MHz	8B	232,496 MHz	13B
199,360 MHz	8C	234,208 MHz	13C
201,072 MHz	8D	235,776 MHz	13D
202,928 MHz	9A	237,488 MHz	13E
204,640 MHz	9B	239,200 MHz	13F
206,352 MHz	9C		
208,064 MHz	9D		

* На овој систем фреквенциите се прикажуваат со две децимални места.

Дел за звучниците

Систем на звучници:
Звучник со полн опсег
Пасивна радијација
Проценети пречки: 8 оми

Дел за BLUETOOTH

Систем за комуникација:
BLUETOOTH, стандардна верзија 3.0
Излез:
BLUETOOTH, стандардна класа за напојување 2
Максимален опсег за комуникација:
Видна линија приближно 10 m[1]
Фреквентен опсег:
Појас од 2,4 GHz (2,4000 GHz - 2,4835 GHz)
Метод на модулација:
FHSS
Компатибилни BLUETOOTH-профили[2]:
A2DP (Advanced Audio Distribution Profile - Профил за напредна дистрибуција на аудио)
AVRCP (Audio Video Remote Control Profile - Профил за далечинска контрола на аудио/видео)
Поддржан начин за заштита на содржина:
Начин SCMS-T
Поддржан кодек:
SBC (Кодек за потпојаси), AAC, aptX
Пропусен опсег на пренос:
20 Hz - 20.000 Hz (со одмерни 44,1 kHz)

[1] Вистинскиот опсег може да се разликува во зависност од фактори како пречки помеѓу уредите, магнетно поле околу микробранова печка, статичен електрицитет, чувствителност на приемот, перформансите на антената, оперативниот систем, софтверска апликација итн.
[2] Стандардните профили за BLUETOOTH ја покажуваат целта на комуникацијата преку BLUETOOTH помеѓу уредите.

Општо

Побарувања за напојување:
220 V - 240 V, 50 Hz/60 Hz
Потрошувачка на струја: 24 вати
Димензии (ш/в/д) (вклучително и истакнатите делови):
Приближно 385 mm × 178 mm × 81 mm
Маса: Приближно 2,7 kg

Доставена дополнителна опрема: Далечински управувач (RM-AMU197) (1), литиумска батерија CR2025 (1), кабел за напојување за наизменична струја (1), антена за FM (1), антена за DAB/FM